**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

---

УП бр.1310-42
Бр.на постапка 38740
од 05.04.2022 година
Велес

Градоначалникот на Општина Велес, на предлог за одобрување на планска програма за изработка за Детален урбанистички план за дел од УБ 48 и дел од УБ 49, УЕ 9 (Рамина), К.О. Велес, општина Велес, Комисијата за урбанизам од член 38, формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр. 08-628/1 од 08.02.2021 година, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 44, став 7, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува Планска програма со УП број 1310-40 и со број на постапка 38740 за изработка за Детален урбанистички план за дел од УБ 48 и дел од УБ 49, УЕ 9 (Рамина), К.О. Велес, општина Велес, изработена од Друштво за проектирање, изведување, консалтинг и компјутерски инженеринг ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ, со тех. број 3865 од Март 2022 година.

Градоначалникот на Општина Велес врз основа на приложената документација кон предлогот за одобрување планската програма од Комисијата за урбанизам од член 38, при Општина Велес, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.32/2020).

**Правна поука:** Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Градоначалник
на Општина Велес

**Марко Колев**
Marko Kolev Digitally signed by Marko Kolev
Date: 2022.04.05 08:28:59 +02'00'